Виктор ЛИЛЧИЌ

# АНТИЧКИ ХРАМ КАЈ ТРЕМНИК*

Неколку камени споменици од римско време во Тремник близу Неготино досега биле прелиминарно и неточно прикажани во стручната литература[1]. Во последните години откриени се на истото место нови споменици кои фрлат и нова светлина врз овој проблем.[2] Благодарение на нив, ние денес можеме со голема сигурност да зборуваме за карактерот на истите, односно нивната намена и да коригираме некои поранешни мислења изнесени за нив.

Селото Тремник се наоѓа 7,5 километри ј/з (возд. линија) од Неготино. Сместено е во питома долинка, 1 километар јужно од автопатот Неготино — Демир Капија.

На јужната периферија од селото, на мало возвишение се наоѓа месноста „Црквиште". На овој простор, врз урнатините на една доцносредновековна црквичка, во 1983 година била изградена црквата Св. Дух. На благата падина кон запад се простира христијанско гробиште старо неколку векови. Педесет метри северно од ова место се наоѓа денес срушена џамија, со муслиманска некропола околу неа. Џамијата од своја страна го потврдува култниот карактер на локалитетот од длабокото минато.

И денес 10 — 20 метри западно од новата црква се гледаат темели од еден антички објект. Преставува благо возвишение исполнето со градежен камен, малтер, фрагменти од градежна керамика и делкани блокови од античка градба, несомнено

* За советите при подготовката на овој текст најтопло се заблагодарувам на професорот д-р Иван Микулчиќ.

[1] Миодраг Грбиќ и др., Археолошки наоѓалишта во Македонија, Гласник на музејско-конзерваторско друштво на Н. Р. Македонија 1, Скопје 1954, 122; Апостол Керамидчиев, Белешки од рекогносцирањето во струмичкиот басен и по долината на Вардар, Зборник на Археолошки музеј, III (1959—1960), Скопје 1961, 116.

[2] Во рамките на научноистражувачкиот проект „Стари градови и тврдини во Средното Повардарие" во текот на 1982 и 1984 година, со раководителот на проектот проф. д-р Иван Микулчиќ и студентот Љубе Томоски, повеќе пати го посетував локалитетот. Притоа е извршено документирање, исцртување и фотографирање на камената пластика.

со културен карактер. Околу неа лежи поголем број обработени камења од античко време, што селаните сукцесивно ги ваделе во последните децении.

Првите камења ги забележал уште Г. Кацаров во 1917/18 година, потоа Н. Вулиќ во 1931 год.[3] Локалитетот е посетен и во поново време.

Врз основа на трагите од римската епоха на ова место, ние денес доаѓаме до нови и сосем уверливи заклучоци:

1. Според камената пластика што денес ја гледаме на теренот, можеме со сигурност да зборуваме за остатоците од еден антички храм, од раноримско време.

2. Во досегашната стручна литература се провлекувало мислењето дека камените споменици според своите декоративни украси потекнувале од ранохристијанска црква.[4] Во натамошниот текст ќе се увериме дека ова тврдење не стои.

3. Констатираните мермерни статуи на двајца римски граѓани, што Н. Вулиќ ги пренел во Скопје,[5] а потекнуваат од ова место, сега јасно можеме да ги поврземе со овој храм. Двете статуи му послужиле на Н. Вулиќ, како главен аргумент кај Тремник да ја лоцира станицата Антигонеја на Повардарскиот пат.[6] Нивното присуство на локалитетот Црквиште го објаснува и овој проблем. Тие стоеле несомнено во храмот, бидејќи од тука селаните ги ископале. Не потекнуваат од некој градска јавна градба, за да можеме преку нив да заклучиме дека тука постоела и градска населба. За ова ќе дискутираме подолу.

Како прво даваме приказ на камените елементи од локалитетот Црквиште кај с. Тремник.

## АРХИТЕКТОНСКИ ЕЛЕМЕНТИ

1. Дел од довратник, од бел квалитетен црвеножилен мермер. Потесната надолжна страна скалесто расчленета во три подолжни ленти. Крај нив странично се протегаат уште две лентести зони од издадениот корниз, едната со вообичаениот „S“ профил. Лицето свртено кон вратата е мазно. На внатрешниот дел носи грубо ужлебен усек за придржување на дрвената рамка од вратата. Двете споредни страни се грубо изделкани. Бло-

[3] Никола Вулић, Антички споменици наше земље, Споменик САН, LXXI, Београд 1931, 98—99, бр. 231—237; Истиот, Споменик 75, 1933, 52, бр. 164—165; Истиот, Спом. 98, 1941—48, 107, бр. 230—232.

[4] М. Грбиќ и др., н. д. 122; А. Керамидчиев, н. д., 116; исто според нив I. Mikulčić, Tremnik, TIR K 34, Ljubljana 1976, 127.

[5] Н. Вулић, Спом. 71, 1931, бр. 236.

[6] Детално за ова види кај И. Микулчиќ, Проблемот на Антигонеја, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 11 (37), Скопје 1984, 128.

кот се наоѓа 10 метри с/з од црквата. Димензии 1,38 x 0,60 x 0,34 м. Сл. 1. и 5.

2. Дел од истиот довратник, од ист материјал и иста профилација. Носи рамен завршеток. Дим. 0,30 x 0,60 x 0,35 см. Сл. 1.

3. Уште еден фрагмент од довратник. Дим. 0,25 x 0,20 x 0,14 метри. Сл. 1.

4. Дел од архитрав со фриз, од истиот мермер. Широката фасадна страна е пластично разбиена во зоната на архитравот и зоната на фризот. Архитравниот дел е скалесто расчленет во три подолжни ленти, широки 30, 50 и 80 мм. Зоната на фризот има ентазис во долниот дел, а широка е 0,19 м. Сл. 1 и 4.

Внатрешната страна е исто така раздвоена на зоната на архитрав (со иста профилација како и фронталната страна) додека зоната на фризот е рамна и вовлечена за 60 мм навнатре, тесните страни му се рамни. Сл. 2. Технички прецизно и убаво изработен. Димензии 1,155 x 0,422 x 0,375 м. Лежи во подѕидот крај јужната страна на црквата.

5. Дел од венец (гејсон). Има запчеста зона (дентикулус). Запците се широки 43 а длабнатините (итерсектио) 30 мм. Над запчестата зона излегува надвор вообичаена аглеста профилација. Долната страна е грубо рамнета, со три правоаголни, плитки лежишта, во кои влегувале елементите носачи. Внатрешната страна е во горната половина длабоко изжлебена за вглавување дрвена греда; се гледа уште една, помала длабнатина за врзување со железна кламфа. Максимално искршен, со димензии 1,015 x 0,58 x 0,265 м. Сл. 2 и 4.

6. Дел од венец од истиот црвеножилен мермер. Има идентична челна профилација како претходниот блок. Внатрешната страна благо искосена нагоре. Лежи 10 метри западно од црквата. Димензии 1 x 0,60 x 0, 28 м. Сл. 2 и 4.

7. Дел од постаментот од црвеножилен мермер, искршен од три страни. Има форма на квадар, со предна закосена страна, која долу преминува во вертикала. Површината мазно обработена. Димензии 0,55 x 0,51 x 0,235 м. Сл. 2.

Покрај опишаните мермерни елементи, на локалитетот лежат и повеќе градежни блокови од сив туф и песочник. Овие се правоаголно делкани. Општо земено претставуваат материјал од секундарен квалитет, употребен секако за субструкцијата на градбата — нејзиниот стилобат и надтемелната зона. Денес се наоѓаат вградени во новиот подѕид јужно од црквата. Од нив издвојуваме:

8. Долг квадар од туф. Предната страна е рамна. Една од широките страни на едниот крај е забесто исечена за спојување со друг таков блок под агол. Носи вдлабнатини за метални спојки. Димензии 1,40 x 0,44 x 0,26 м. Сл. 2.

9. Квадар од ист туф погрубо обработен од претходниот. Двете тесни страни му се скалесто изделкани. Дим. 0,71 x 0,55 x 0,50 м. Сл. 2.

10. Квадар од истиот материјал. Квалитетно рамнет. На широката горна страна, се гледа плитка правоаголна длабнатина, поместена кон еден агол, во која налегнувал некој друг елемент. Димензии 0,66 x 0,56 x 0,30м. Сл. 2.

11. Квадар од песочник. На широката горна мазна површина, на средина, издлабен е жлеб кој избива на работ, за железна кламфа. Голем 0,53 x 0,39 x 0,32 м. Сл. 2.

12 — 21. Квадар од сив туф, грубо правоаголно делкан. Долните агли открешени, дим. 0,51 x 0,36 x 0,30 м; квадар од песочник, грубо правоаголно делкан, 0,61 x 0,24 x 0,45 м; квадар од песочник, квалитетно правоагално рамнет, дим. 0,80 x 0,31 x 0,58 м; квадар од туф, грубо правоаголно делкан, дим. 0,88 x 0,31 x 0,38 м; квадар од туф грубо правоаголно кршен, дим. 0,61 x 0,25 x 0,50 м; квадар од туф дим. 0,44 x 0,40 x 0,30 м; долг правоаголно рамнет квадар од туф, дим. 1,55 x 0,21 x 0,32 м; помал квадар од туф, долната страна рамна, дим. 0,55 x 0,35 x 0,315 м; правоаголниот убаво мазнет квадар од синозелен песочник со димензии 0,44 x 0,365 x 0,34 м.

*
* *

Накусо ќе ги прикажеме и двете статуи извадени на ова место, што Н. Вулиќ ги регистрирал во 1931 година и ги пренел во Скопје (Куршумли ан). Ова сеналожува поради значајот на истите, како и поради тоа што досега не е даден нивниот опис. Тие биле работени приближно во природна големина.

26. Статуа од бел мермер на возрасен маж, наметнат со палиум. Д. рака свиткана во лактот и кренатa кон левата града се наѕира под наметката; со неа го придржува крајот на палиумот. Л. рака е испружена низ телото; шаката е одбиена. Одбиени се и нозете под глуждовите и главата. Стандардна изработка без посебна естетска вредност. Сочувана висина 1,25 м. Сл. 5.

27. Статуа на возрасен маж од бел мермер, многу слична на претходната, малку поголема. Одбиени се главата, д. рака и рамото, дел од градите, левата подлактица и нозете. Сочувана вис. 1,40 м. Сл. 5.

Кон горната група на камени споменици треба да приклучиме уште неколку наоди од ова место, кои со претходните претставувале очигледна култна целина. Тоа се:

22. Покривен елемент (капак) од сив туф, со правоаголна основа. Одгоре е изделкан во вид на крстест четирисливен кров, со акротерии на аглите. Тие се сега одбиени. Од четирите бочни страни има изглед на низок тимпанон со акротерии, и лачен отвор оддолу. Долната страна е рамна, просечена со два широки, полуобличести канала кои крстесто се сечат. Во нивниот пресек, на средина, пластично е претставен кружен диск; 8 радиални зарези на дискот претставуваат розета. Овој орнамент во постарата литература бил погрешно одбележен како ранохристијански украс („ставродекорација"). Ова внесе забуна во карактерот на локалитетот укажувајќи на можноста за постоење на една ранохристијанска црква на тоа место. Денес знаеме дека ова е без основа. Димензии 1,08 x 0,97 x 0,34 м. Сл. 3 и 5.

23 — 24. Горниот крстест капак стоел на 4 квадратни столпци, кои го носеле како завршен елемент од култна градба. Два од овие столпци и денес се гледаат на локалитетот, близу до покривот. Изделкани се од истиот сив туф. Надворешните две страни се мазно изделкани. Сочувана висина 0,96; широки се 0,28 x 0,28 м. Сл. 3.

25. Крилна плоча од сив песочник, со правоаголна форма. Широките страни и се мазни, со исклучок на долната третина која има 5 профилирани зони. На предната тесна страна пластично е исклесан полустолб со јонски капител, горе, и двоен базис долу. Стеблото на столбот има нагласен ентазис. Капителот е несразмерно висок и стилски деформиран, а волутите пластично продолжуваат и на бочните страни од плочата. Дим. 0,825 x 0,47 x 0,112 м. Сл. 3 и 4.

## КАРАКТЕР НА ОБЈЕКТОТ

Меѓу опишаните камени елементи се издвојуваат првите неколку мермерни квадари. Тие со својата квалитетна профилација овозможуваат наменски и стилски да ги определиме.

Идентична скалесто расчленета профилација на довратниците е позната и во храмот кај Марвинци, датиран со натпис во 181 година н.е.[7] Таква е уште и профилацијата од довратниците на скената од театарот во Стоби. Оваа градба е создадена за време на императорите Хадријан (117 — 138) или Антонинус Пиус (138 — 161).[8]

---

[7] Viktorija Sokolovska, Isar — Marvinci (Researches in the Roman Town), Archeologia iugoslavica XX—XXI, Beograd 1980—1981, 117, fig. 3; за датирањето види Борка Јосифовска, Грчки натпис са архитрава једног храма из села Марвинаца, Жива Антика, XV/1, Скопје 1965, 141.

[8] Elizabeth Gebhard, The Theater at Stobi: a Summary, Studies in the Antiquities of Stobi, vol. III, Titov Veles 1981, 13, 19.

Детален опис за начинот на градбата на архитрав и фриз, дава римскиот архитект Витрувие.[9] Архитрав со иста профилација како нашиот во Тремник, е откопан во храмот кај Марвинци.[10] Венец со запчест украс и аглеста профилација која косо испаѓа напред е вообичаен во целото Царство,[11] па и кај нас на античките храмови кај Марвинци, Демир Капија, Барово.[12] Со ова доаѓаме до констатацијата дека наведените украсни елементи во Тремник, во класичниот состав (архитрав со фриз и запчест венец) може да потекнуваат само од еден храм.[13] Според наведените најблиски аналогни примери храмот кај Тремник бил изграден во II или раниот III век н.е.

*

* *

Се поставува прашањето кому бил посветен храмот. Мислам дека одговорот на ова го даваат двете статуи. Имено во Повардарскиот регион среќаваме една малку невообичаена појава. Од ова време во Повардариетo се регистрирани неколку други раноримски храмови во кои стоеле статуи. Статуите очигледно ги претставувале херојизираните умрени, на кои им биле изградени загробни храмови.

Овие храмови за жал сѐ уште не се ископани и целосно истражени. Ги знаеме само од ракогносцирања и случајни наоди. Таков е еден храм диво раскопан на локалитетот „Баби“ с. Голозинци, Т. Велес. Лоциран е на северниот крај на античката населба. На теренот се гледа голем апсидален дел (широк 5 метри) свртен на југ, со вграден хипогеум од мермерни монолити. Покрај бројната архитектонска мермерна пластика што диво е

---

[9] Matija Lopac, (prevod) Vitruvijevih deset knjiga o arhitekturi, Sarajevo 1951, III kn., 78, sl. 24a.

[10] Б. Јосифовска, н. д., 138, сл. 2, 3.

[11] M. Lopac, n. d., knj. III, 78—79, sl. 24 F, I; Богдан Несторовић, Архитектура старог века, Београд 1952, 454, сл. 63, 1.

[12] За Марвинци види кај Б. Јосифовска, Извештај о археолошком ископавању код села Марвинаца, ГЗФФ кн. 19, Скопје 1967, 309, сл. 4; V. Sokolovska, n. d., 123, sl. 7. За демир Капија: Dr. Hald, Auf den Trümern Stobis, Stuttgart 1917, 56—57, bl. 45, 46; В. Соколовска, Новија истраживања у Демир Капији, Старинар НС XXIV—XXV (1973—1974), Београд 1975, 191, Т. VII сл. 7, 8. За Барово: Н. Вулић, Спом. 98, 54, бр. 108.

[13] Б Несторовић, н. д., 453—454, сл. 627, 630; С. А. Кауфман, Архитектура Римской республики, Всеобщая история архитектуры, том II, Москва 1948, 106—108, Т. 40; В. Д. Блаватский, Античная архитектура на територии северного Причерноморья, Всеоб. ист. арх., том II, Москва 1948, 389—390, сл. 34; M. Lopac, n. d., III, gl. V, 73—80.




Сл. 4. Архитектонски елементи од храмот и некрополот, Тремник




Сл. 5. Мермерни статуи и дел од надгробен споменик, Тремник

ископана од ова место, внимание привлекуваат и 3 мермерни женски статуи. Сите наоди несомнено го определуваат објектот како антички храм.[14]

Кај селото Чашка, 5 километри северно од претходниот локалитет, на местото каде е изградена денешната голема керамичка индустрија, во 1953 година бил откопан мал храм со четвртеста основа. Во нишата во едниот ѕид стоела машка статуа облечена во палиум.[15] И во овој случај се работи за меморија — храм.

Селото Барово се наоѓа 10 километри јужно од Тремник. На локалитетот „Грамада", 1 км. јужно од селото, покрај бројната архитектонска мермерна пластика, во 1984 година се документирани и неколку фрагменти од мермерни статуи на римски граѓани, диво искршени. Тие секако стоеле во храмот. Внимание привлекуваат трите дела од мермерни плочи кои стоеле во челниот тимпанон. На нив во плиток релјеф гледаме: жртвеник, орел пред полетување и попрсја на женска и машка особа — граѓани.[16] Очигледно, уште еден храм — меморија.

И храмот во Марвинци, денес целосно истражен, бил посветен по сè изгледа на императорот Комод, а не на некое божество.[17]

Така доаѓаме до едно ново сознание. Го согледуваме обидот на поединци, угледни и богати жители,да се овековечат на тој начин и во нашиот случај имаме храмови чија изградба тие ја финансирале. Тоа била причина да се овековечи со поставување нивни статуи на истакнато место во храмот. Овие храмови претставуваат храмови — мавзолеи, мемории посветени на обични луѓе. Ваквиот обичај, на смртните луѓе да им се градат храмови, го осудувал христијанскиот теоретичар Тертулијан (околу 155 — 220 год.): „Им подигате на боговите храмови, на ист начин храмови и на мртвите; им поставувате жртвеници на боговите, така исто и на мртвите (им поставувате) жртвеници . . ."[18]

---

[14] Во рамките на спомнатиот проект, во 1981 година ги регистриравме овие наоди. Статуите се пренесени во Н. музеј во Т. Велес.

[15] Блага Алексова, Археолошки наоѓалишта по долниот тек на реката Тополка, Гласник на МКД на НРМ, бр. 1, Скопје 1954, 60, сл. 21. Статуата е пренесена во скопскиот Археолошки музеј (Куршумли ан).

[16] Локалитетот е посетен во рамките на спомнатиот проект од страна на авторот и студентот Иван Станчевски.

[17] Б. Јосифовска, Грчки натпис са архитрава једног храма. . ., 141.

[18] K. Baus, Der Kranz in Antike und Christentum, Bonn 1940, 126.

Viktor LILČIĆ

## ANTIQUE TEMPLE AT TREMNIK

A couple examples os architectural elements have been discovered in the last years near the village of Tremnik near Negotino. From this same site »Tsrkvishte«, N. Vulich to Skopje in 1931 brought two marble statues of Roman citizens. An analysis of these architectonic elements shows that they originate from an early Roman temple. It had been built in II or early III century.

In connection with this a certain situation appears in the Middle Vardar region. In a large number of antique temples statues of common people instead of gods were placed. Statues like these were placed at »Babi« Golozintsi, near the village of Chaswka, »Prchovi krushi« at Barovo, Marvinci. This is an attempt of rich and respectable individuals to immortalize themeselves after their death. These temples in fact represent mausoleums.

We find them also in the words of Tertulian (around 155—220): »You build temples, to the gods in the same manner you build temples to the dead...«